РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1142/3
15-07-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-3148/1 од 16.12.2024 година, оформен по пријава во која се изнесени наводи за сомневање за незаконитости во постапка за именување на лицето -------------------------------- за директор на Управата за --------------------------------------, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-3148/1 од 16.12.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет оформен по пријава со број 12-3148/1 од 16.12.2024 година, во која се изнесени наводи за сомневање дека лицето ------------------------------- кој е именуван за директор на Управата за-------------------------------------------, не доставил доказ - меѓународен признат сертификат за познавање на странски јазик во постапката за неговото именување за директор.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК се обрати со Барање за доставување на информации до Владата на РСМ од каде побара да се достави информација и прилог документација во врска со наводите од пријавата.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr. 3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
Tel/Fax: +389 2 3248 938
http://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

На ден 19.04.2025 година, Владата на РСМ достави одговор до ДКСК во кое се наведува дека согласно членот 47 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа(„Службен весник на РСМ" бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен Весник на РСМ" бр.96/2019, 110/2019 и 121/2024), со работата на самостојниот орган на државната управа, управната организација и органот во состав, раководи директор кој го именува и разрешува од должност Владата на РСМ, доколку со закон поинаку не е определено.
Со оглед на тоа дека лицето --------------------------------- е именуван за директор на Управата за ------------------------------------------------ согласно член 47 став 2, каде што не се пропишани услови за именување на директорот, а имајќи предвид дека и со друг материјален закон не се предвидени условите за именување на директорот на Управата за ------------------------------ --------------------, Владата оценила дека именуваното лице нема обврска за доставување на дополнителна документација во постапката за негово назначување за директор на споменатата установа.

Имајќи го во предвид сето горенаведено, ДКСК констатира дека во постојната законска регулатива која ја уредува оваа материја не се дефинирани услови кои треба да ги исполни кандидатот за да биде назначен за директор на оваа јавна установа, а со тоа и не постои обврска за Владата на РСМ како орган која го врши назачувањето на директори на јавни установи, да прибира потребна документација за докажување на условите од страна на кандидатите. Оттаму, ДКСК заклучи дека нема елементи за натамошно постапување, не се потврдуват наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk